Врз основа на член 140 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), и член 9 став (5) од Правилата за снабдување со природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19) постапувајќи по Барањето за одобрување на потсетник за потрошувачите на „МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС“ ДООЕЛ Скопје“ бр.11-3430/1 од 14 ноември 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 ноември 2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за одобрување на Потсетник за потрошувачи на снабдувач со природен гас

1. Се одобрува формата и содржината на Потсетникот за потрошувачи на снабдувачот со природен гас на Друштвото за трговија „МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС“ ДООЕЛ Скопје бр. 11-3430/3 од 26 ноември 2019 година.
2. Одобрениот Потсетник за потрошувачи од точка 1 од ова Решение, е составен дел на ова Решение.
3. Се задолжува снабдувачот со природен гас, Друштвото за трговија „МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС“ ДООЕЛ Скопје пред склучување на договори за снабдување со природен гас, на потрошувачите навремено да им обезбеди примерок од потсетникот за потрошувачите од точка 1 од ова Решение.
4. Се задолжува снабдувачот со природен гас, Друштвото за трговија „МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС“ ДООЕЛ Скопје одобрениот потсетник за потрошувачите од точка 1 од ова Решение да го објави на својата веб страница.
5. Ова Решение се доставува до снабдувачот со природен гас, Друштвото за трговија „МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС“ ДООЕЛ Скопје.
6. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 140 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), и член 9 став (1) и (2) од Правилата за снабдување со природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19), Друштвото за трговија „МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС“ ДООЕЛ Скопје на 14 ноември до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на потсетник за потрошувачите бр. 11-3430/1 од 14 ноември 2019 година.

Согласно 140 став (3) од Законот за енергетика и член (9) од Правилата за снабдување со природен гас, снабдувачот со природен гас по претходно одобрување од Регулаторна комисија за енергетика, на своите потрошувачи им обезбедува копија од потсетник за потрошувачи, која содржи практични информации за правата на потрошувачите и ја објавува на својата веб страницата.

Во член 8 став (1) од Правилата за снабдување со природен гас е уредено дека пред склучувањето на договорот за снабдување со природен гас, секој снабдувач навремено му обезбедува на потрошувачот примерок од потсетникот за потрошувачите, кој содржи практични

информации за правата на потрошувачите презентирани на јасен и недвосмислен начин којшто нема да предизвикува забуна кај потрошувачот и нема да го доведе во заблуда при изборот да склучи, или да го раскине или продолжи постоечкиот договор за снабдување.

При анализа на потсетникот за потрошувачите доставен од „МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС" ДООЕЛ Скопје, е констатирано дека формата и содржината не соодветствуваат со член 9 став (2) од Правилата за снабдување со природен гас за што Регулаторната комисија за енергетика до „МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС" ДООЕЛ Скопје достави Известување бр. 11-3430/2 од 26 ноември 2019 година со кое побара да се дополни содржината на доставениот потсетник.

„МАКПЕТРОЛ ПРОМ ГАС" ДООЕЛ Скопје, на 26 ноември 2019 година достави дополнет потсетник за потрошувачите заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со бр.11-33430/3. Регулаторната комисија за енергетика утврди дека дополнетиот потсетник за потрошувачите е во согласност со член 9 став (2) од Правилата за снабдување со природен гас.

На ден 28 ноември 2019 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која се одобри Потсетникот за потрошувачи кој е во прилог на ова Решение, а во кој се вклучени и забелешките на Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.11-3430/4** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**28 ноември 2019 година** **Марко Бислимоски**

**Скопје**

Изготвил: Далибор Митровски
Одобрил: Славко Бундалески

**<u>Прилог:</u>** Потсетник за потрошувачи

Во согласност со член 9 став 1 и 2 од Правилата за снабдување со природен гас (Сл.весник на РСМ бр. 51/19), ПРОМ-ГАС ДООЕЛ Скопје, го изготви следниот:

# ПОТСЕТНИК ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

ПРОМ-ГАС ДООЕЛ Скопје како носител на лиценцата за вршење на енергетска дејност -Снабдување со природен гас, а во согласност со член 9 став 1 од Правилата за снабдување со природен гас (Сл. весник на РСМ бр. 51/19), пред склучувањето на Договорот за снабдување, на Потрошувачите им обезбедува примерок од Потсетникот за потрошувачите, усогласени со Законот за енергетика, подзаконските акти и останати прописи усвоени од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Потрошувачот со потпишувањето на Договорот за снабдување со природен гас, потврдува дека, бил запознаен со општите услови кои се составен дел на Договорот за снабдување со природен гас и се согласува на нивната примена во целост.

## ДЕФИНИЦИИ

1. **Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија е самостојно, непрофитно регулаторно тело кое го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности во согласност со закон;**
2. **Лиценца е акт издаден од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, врз основа на кој лицето на кое му е издадена може да врши енергетска дејност во Република Северна Македонија, односно без чие издавање не може да започне со вршење на енергетската дејност;**
3. **Операторот на пазарот на природен гас е друштво кое ги врши работите што се однесуваат на организацијата, ефикасно функционирање и развој на организираниот пазар на природен гас;**
4. **Операторот на системот за пренос на природен гас во Република Северна Македонија е друштво коешто управува со системот за пренос на природен гас и е одговорно за работењето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, како и за поврзувањето со други системи за природен гас и обезбедувањето на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренос на природен гас;**
5. **Снабдувачот со природен гас е носител на лиценца за снабдување со природен гас, кој набавува природен гас во Република Северна Македонија и/или од странство заради продажба на своите потрошувачи, вклучувајќи производители на електрична енергија и/или топлинска енергија, други снабдувачи, трговци, операторот на системот за пренос или дистрибуција на природен гас и други учесници на пазарот на природен гас;**
6. **Потрошувач на природен гас е субјект кој може по сопствен избор да се снабдува со природен гас од снабдувач со природен гас и кој набавениот природен гас го користи за сопствена употреба, во согласност со условите утврдени со Законот за енергетика и со правилата за снабдување со природен гас;**

## II. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ И ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА СНАБДУВАЊЕ

Договорот за снабдување со природен гас е договор со кој Снабдувачот се обврзува на потрошувачот да му ги испорача на местото на испорака договорените количини на природен гас со пропишаниот квалитет, а Потрошувачот се обврзува на снабдувачот да му го плати преземениот природен гас според мерењата извршени од операторот на системот на кој е приклучен потрошувачот, по утврдена цена.

Со договорот за снабдување со природен гас се уредуваат општите услови и начинот на снабдување со природен гас, како и мегусебните права, обврски и одговорности на Снабдувачот и Потрошувачот.

Снабдувачот ги снабдува со природен гас Потрошувачите приклучени на системот за пренос на природен гас во согласност со договорот, Законот за енергетика, подзаконските акти и сите останати позитивни законски прописи на **Република Северна Македонија**.

### 2.2 КОЛИЧИНА НА ПРИРОДНИОТ ГАС

Снабдувачот се обврзува да испорача, а потрошувачот да го преземе од Снабдувачот претходно договорено количество природен гас, исклучиво за свои потреби.

### 2.3 ДИНАМИКА НА ПРИРОДНИОТ ГАС

Снабдувачот и Потрошувачот врз основа на договорот и најавеното планирано количество на природен гас ќе склучат и Протокол за планираната динамика на испорака и потрошувачка на природен гас по календарски месец, кој ќе биде составен дел на договорот.

Во случај на нарушена динамика на потрошувачката на природниот гас, Снабдувачот има право да побара од Потрошувачот да му достави писмена информација за дополнителна динамика на испорака на природниот гас.

### 2.4 ФИЗИЧКО-ХЕМИСКИ СВОЈСТВА НА ПРИРОДНИОТ ГАС во согласност со Прилог 1 од Правилата за снабдување со природен гас

- *ФИЗИЧКИ ОСОБИНИ НА ГАСОТ*

Гасот не треба да содржи механички примеси, смоли и соединенија што образуваат смоли.
Долната топлотна вредност на гасот е во границите од **Hd=33,054MJ/nm$^3$**
до **Hg=33,890 MJ/ nm$^3$** при T=20$^0$C и апсолутен притисок 1.01325 bar.
Притисокот на гасот во примопредајното место се движи помеѓу 3 и 4 bari.

-*ХЕМИСКИ КОМПОНЕНТЕН СОСТАВ НА ГАСОТ ВО МОЛОВИ*

Метан ( $CH_4$ ) ………………………………………………не помалку од 92%
Етан ($C_2H_6$ )…………………………………………………не повеќе од 4%
Пропан ( $C_3H_8$ ), Бутан( $C_4H_{10}$ ), и потешки
Јагленоводороди (С)……………………………………..не повеќе од 2%
Азот (Н) ………………………………………………… не повеќе од 2%
Јагленороден двооксид ( $CO_2$ )………..…………….......не повеќе од 1%
Кислород ( $O_2$ )……………………………………….. не повеќе од 0,2%
Меркаптанов сулфур………………………………... не повеќе од 10 (mg/m$^3$)
Сулфурводород ( $H_2S$ )………………………………..не повеќе од 5 (mg/m$^3$)
Сулфур (S) ………………..……………………….. не повеќе од 20 (mg/m$^3$)

## 2.5 НАЧИН И УСЛОВИ НА ИСПОРАКА НА ПРИРОДНИОТ ГАС

Преносот на природниот гас и управувањето, одржувањето, надградувањето и проширувањето на системот за пренос на природен гас го врши носителот на лиценцата за вршење на енергетската дејност – Операторот на системот за пренос на природен гас.

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА СНАБДУВАЊЕ

Потрошувачот и Снабдувачот го склучуваат Договорот за снабдување со природен гас во писмена форма и во истиот стапуваат по слободна волја.

На потрошувачот со издадено Решение од страна на Операторот на системот за пренос на природен гас му се дава согласност за негово приклучување на системот за пренос на природен гас.

Податоците од согласноста се составен дел на договорот, како и мерните места и капацитетот на приклучокот се составен дел на договорот.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Потрошувачот и Снабдувачот го склучуваат Договор за снабдување со природен гас во времетраење, кое е определено во истиот.

## V. НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА ПРИРОДНИОТ ГАС

Начинот на формирањето на цените на природниот гас се утврдени во позитивните законски прописи, подзаконските акти и одредбите на Договор за снабдување со природен гас , односно продажна месечна цена на природениот гас се состои од :

- набавна цена
- надомест за пренос на природен гас
- надомест за организирање и управување со системот за пренос на природен гас,
- надомест за снабдување и
- износ на ДДВ

## VI. НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕНОСЕН КАПАЦИТЕТ КАКО И ТАРИФИТЕ ЗА МРЕЖНИТЕ УСЛУГИ

За место на испорака и мерење на природниот гас се смета местото каде што е инсталиран мерниот уред во МРС кај Потрошувачот.

Тарифите за пренос и управување се применуваат согласно акт донесен од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## VII. ФАКТУРИРАЊЕ, ПЛАЌАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМЕНИОТ ПРИРОДЕН ГАС

Снабдувачот е должен да му изготви фактура на Потрошувачот за преземениот природен гас, врз основа на Записникот за отчитаните потрошени количества од природен гас и извршениот конечен биланс од страна на Операторот на системот за пренос на природен гас за претходниот месец, во рок од 10 дена од денот на приемот на податоците од Записникот од Операторот на системот.

Фактурата за потрошен природен гас ќе го содржи количество на природен гас преземено од потрошувачот на МРС, во согласност со Мрежните правила за пренос на природен гас, како и останатите елементи согласно член 35 од Правилата за снабдување со природен гас..

Фактурата за испорачаниот и превземениот природен гас се доставува по пошта и електронски пат.

Потрошувачот е должен да го изврши плаќањето на фактурата за преземениот природен гас најдоцна 15 дена од последниот ден во претходниот месец за што е изготвен записник за потрошен природен гас.

Потрошувачот е должен во согласност со Договор за снабдување со природен гас да обезбеди гаранција за обезбедување на плаќањето за преземениот природен гас (финансиски инструмент за обезбедување на побарувањата на Снабдувачот) односно да обезбеди банкарска гаранција, депозит на износ од дво-месечна просечна планирана потрошувачка или авансно да ги плаќа месечните планирани количества природен гас најдоцна до 25-ти во тековниот месец за наредниот.

## VIII. НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА СПОРЕД КОИ ПОДАТОЦИТЕ ЗА ПОТРОШЕНИОТ И НАПЛАТЕНИОТ ПРИРОДЕН ГАС МУ СТАНУВААТ ДОСТАПНИ НА ПОТРОШУВАЧОТ

На барање на Потрошувачот, Операторот на системот за пренос на природен гас без надоместок му доставува на Потрошувачот историски податоци за потрошувачката за период од една година, сметајќи од денот на поднесувањето на барањето.

Снабдувачот најмалку два пати годишно во фактурата или на друг начин го информира Поторшувачот за:

- количините на природен гас кои ги набавувал снабдувачот во претходната година, според изворите од кои е набавен;
- споредбата на потрошениот природен гас во тековната година со количината на природен гас потрошена во истиот период од претходната година;
- споредбата на потрошениот природен гас од потрошувачот, со нормализираната потрошувачка на природен гас од референтен потрошувач;
- мерки за ефикасно и безбедно користење на природниот гас;
- податоци за контакт со организации за заштита на потрошувачите, органи и институции во областа на енергетиката, каде што потрошувачот може да добие информации за мерки за енергетска ефикасност и заштеда на енергија.

## IX. КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГИТЕ ОД СТРАНА НА СНАБДУВАЧОТ

Снабдувачот обезбедува сигурност/континуитет во испораката на природниот гас и обезбедува квалитет на комерцијалните услуги за испорачаниот природен гас во согласност со одредбите од Правилата за снабдување со природен гас, како и во согласност со Договор за снабдување со природен гас.

## X. УСЛОВИТЕ ПОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОГРАНИЧИ ИЛИ ПРЕКИНЕ СНАБДУВАЊЕТО

Снабдувањето со природен гас може да се прекине или ограничи во согласност со одредбите од Мрежните правила за пренос на природен гас, Правила за снабдување со природен гас и во согласност со одредбите на Договор за снабдување со природен гас, а особено доколку Потрошувачот не ги извршува своите обврски определени со договорот за неисполнување.

До колку Потрошувачот не обезбеди банкарска гаранција, депозит на износ од дво-месечна просечна планирана потрошувачка или авансно не ги плаќа месечните планирани количества природен гас Потрошувачот е согласен веднаш да се исклучи од системот за пренос на природен гас.

До колку настапат услови на нарушување во снабдувањето со природен гас, како и поради причини на привремен или траен прекин на испорака на природен гас Потрошувачот чиј процес односно дејност не трпи застој, должен е континуирано да ја одржува способноста на своите постројки со користење на алтернативен енергент.

## XI. УСЛОВИТЕ ПОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ БАРА ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ИЗМЕНА ОДНОСНО РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Договорот за снабдување со природен гас престанува со истекот на времетраењето за кој истиот е склучен, како и под останатите услови кои се определени во Правилата за снабдување со природен гас.

Доколку Потрошувачот во рок од 30 дена пред истекот на Договор за снабдување со природен гас за снабдување не се произнесе дека има намера да го прекине Договор за снабдување со природен гас или да склучи нов Договор за снабдување со природен гас, а Снабдувачот не го прекинал снабдувањето, се смета дека Договор за снабдување со природен гас продолжил да се применува за ист период за кој што бил склучен , а чие важење престанало.

Потрошувачот и Снабдувачот со взаемна согласност можат да го изменат или раскинат Договорот за снабдување со природен гас согласно одредбите на Правилата за снабдување со природен гас, како и останатите позитивни законски и подзаконски прописи на Република Северна Македонија.

Потрошувачот може да го раскине Договорот за снабдување со природен гас со доставување на писмено известување до Снабдувачот, најдоцна 30 дена пред денот на кој Потрошувачот бара Договор за снабдување со природен гас да биде раскинат,

Снабдувачот може да го раскине Договор за снабдување со природен гас со доставување на писмено известување до Потрошувачот, чија содржина е определена со одредбите од Правилата за снабдување со природен гас.

## XII. НАДОМЕСТОЦИ ПОРАДИ ПРЕДВРЕМЕНО РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ОД СТРАНА НА СНАБДУВАЧОТ ИЛИ ПОТРОШУВАЧОТ

Договорот може предвремено да се раскине со заедничка согласност на двете договорни страни при што ќе се уредат надоместоците, начинот, времето и условите под кои ќе престане да важи договорот.

## XIII. УСЛОВИ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКА ЗА ПРОМЕНА НА СНАБДУВАЧ

Промената на Снабдувачот се врши во согласност со Правилата за снабдување со природен гас.

Потрошувачот кој одлучил да го промени својот Снабдувач тоа го прави преку новиот Снабдувач и започнува постапка за промена на снабдувач пред операторот, со поднесување на барање за промена на снабдувач и изјава со која потврдува дека бара да биде снабдуван од новиот снабдувач, со содржина определена со одредбите на Правилата за снабдување со природен гас.

Потрошувачот може да го промени Снабдувачот, откако ќе ги подмири сите обврски кои произлегуваат од договорот, кон претходниот Снабдувач, по издадена фактура од претходнииот Снабдувач, или доколку се договори со новиот Снабдувач, неисполнетите обврски кон претходниот Снабдувач, да ги преземе новиот Снабдувач .

## XIV. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ДО ПОТРОШУВАЧИ

Снабдувачот и Потрошувачот се согласни деловната комуникација да се одвива по пошта со препорачана пратка со повратен реципи или да се одвива по електронски пат на наведените адреси во склучениот Договор за снабдување со природен гас, додека телефонските контакти се составен дел на доставената фактура за испорачаниот природен гас (на Операторот и Снабдувачот).

Снабдувачот им обезбедува стручна и техничка поддршка и бесплатни совети на Потрошувачите за остварување на нивните права, состојбите со нивните обврски согласно Договорот за снабдување со природен гас, како и за остварување на нивните права пропишани со Законот за енергетика, Мрежните правила за пренос на природен гас, Правилата за снабдување со природен гас и Договорот за приклучување на системот за пренос на природен гас, преку обезбедување на служба на подршка за комуникација и размена на информации со Потрошувачите .

Снабдувачот, во зависност од категоријата на потрошувачите што ги снабдува и обемот на снабдувањето, воспоставува контакт со потрошувачите преку телекомуникациски средства, електронска пошта и одржување на вед страница, преку кои навремено ќе обезбедува информации за Потрошувачите, ќе решава одредени барања или ќе ги одговара на жалбите на потрошувачите по телефон, електронска пошта или непосредно.

Снабдувачот ќе ги застапува и заштитува интересите на Потрошувачите пред соодветниот Оператор, преку размена на податоци и преземање на останати мерки определени со одредбите на Правилата за снабдување со природен гас.

## XV. МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

Мерките за подобрување на енергетската ефикасност се предвидени во Законот за енергетската ефикасност, каде се транспортираат одредбите од Директивата 2012/27/ЕУ за енергетска ефикасност, Директивата 2010/31/ЕС за енергетски карактеристики на зградите и Регулативата 2017/1369 за утврдување на рамка за означување на потрошувачката на енергија, како што се усвоени и изменети од Министерскиот совет на Енергетската заедница.

## XVI. НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕШАВАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИГОВОРИ И ПРЕТСТАВКИ ОД ПОТРОШУВАЧИТЕ

Начинот и постапката по приговорот се води во согласност со договорот за снабдување, одредбите на Правилата за снабдување со природен гас и позитивните законски прописи Република Северна Македонија.

Снабдувачот во согласност со Правилата за снабдување обезбедува постапки за ефикасно решавање на приговорите од потрошувачот со можност за вонсудско решавање на истите.

## XVII. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Интересите на Потрошувачите се претставувани и застапувани пред органите на управување на соодветниот Оператор и Снабдувачот во согласност со важечките позитивни законски прописи.

**ПРОМ-ГАС ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**Управител,**

**Филип Милошевски**